| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и<br><br>Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Даниела Иротова Лазарева, директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и<br><br>Феми Исен, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е донесен во 2007 година, а во изминатиот период беше повеќепати изменуван и дополнуван со цел усогласување со релевантното законодавство на Европската Унија, како и со националното законодавство, особено во делот на управните и прекршочните постапки.

Со примената на Законот во пракса, како и со зголеменото учество насредствата од Европската Унија во рамки на Инструментот за претпристапна помош во областа на земјоделството и руралниот развој (ИПАРД) во нашата земја, се наметна потреба од дополнително зајакнување на системската рамка за одобрување, контрола и исплата на финансиската поддршка, како и од унапредување на механизмите за спречување и санкционирање на неправилности и за навремен и ефикасен поврат на средства.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство пристапи кон изменување и дополнување на одредени одредби од Законот со цел обезбедување на зголемено и зајакнато ниво на контрола, транспарентност и одговорност во користењето на средствата.

Со предложените измени се врши суштинско дополнување со цел објаснување и допрецизирање на одредени области и терминолошко допрецизирање на поимите и надлежностите. Дополнително, се прошируваат можностите за организирање и спроведување постапки за доделување и користење на финансиска и материјална поддршка, се унапредуваат процедурите за контрола на лице место и се зајакнуваат одредбите поврзани со следење на постигнати цели од страна на корисниците во фаза пред исплата, како и санкционирање и поврат на средства во случаи на неправилности, административни грешки или неисполнување на договорните обврски.

Воедно, анализата на досегашната примена на мерките за финансиска поддршка укажа на потребата од постепено унапредување на моделите за доделување на поддршката, со цел зголемување на ефикасноста, намалување на административниот товар и зајакнување на контролата врз користењето на средствата. Во таа насока, се создава правна основа за примена на пофлексибилни форми на поддршка во рамки на Програмата за рурален развој, во согласност со утврдените правила и стандардите на Европската Унија.

Дополнително, со доуредување на роковите за постапување и со воведување на појасни правила за намалување или одбивање на финансиската поддршка во случаи на делумна или нецелосна реализација на инвестициите, се создава поефикасен и поконзистентен систем за управување со јавните средства, усогласен со стандардите и барањата на Европската Унија.

Со оглед дека не станува збор за сложен и обемен закон согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија предлагаме законот да се донесе по скратена постапка.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на предложениот закон е унапредување и зајакнување на законската и институционалната рамка за управување, контрола и исплата на

финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, со посебен акцент на средствата од Европската Унија (во натамошниот текст ИПАРД).

Со предложените решенија се обезбедува: зголемена ефикасност во постапките за одобрување и спроведување на мерките, јакнење на механизмите за контрола, вклучително и контрола на лице место, воспоставување појасни и поефикасни правила за санкционирање и поврат на средства, зајакнување на системската рамка за спречување на неправилности .

Предлогот на закон претставува чекор кон подобрување на функционалноста на Агенцијата, зголемување на довербата во системот за финансиска поддршка и обезбедување одржливо и законито користење на националните и европските средства.

Предложените законски решенија овозможуваат и постепено воведување на поефикасни и поконтролирани начини на обезбедување поддршка во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, со што се создава основа за подобро планирање, управување и надзор над средствата, во согласност со националните политики и правилата на Европската Унија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа дека не се работи за обемен и сложен закон, се предлага согласно член 175 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се разгледа Предлогот на закон и истиот да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр.72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 190/19), во член 2-а точката 8 се менува и гласи:

„ „Финансиска поддршка" се парични и/или материјални средства кои Агенцијата ги одобрува, исплатува или доделува на корисниците, согласно овој закон и програмите за финансиска поддршка.".

По точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„9. „Ранг листа на баратели'' е листа на баратели на финансиска поддршка со која се врши рангирање на барањата за финансиска поддршка согласно критериумите во програмите за финансиска поддршка, финансирани од средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија (ИПАРД), во случај кога расположливиот буџет за финансиска поддршка е помал од износот на бараната финансиска поддршка.''.

Член 2

Во член 7 по алинејата 3 се додават три нови алинеи 4, 5 и 6 кои гласат:

„- организирање и спроведување на постапки за набавка на материјални средства и опрема во функција на спроведување на програмите за финансиска поддршка финансирани од буџетот на Република Северна Македонија,

- доделување на материјални средства обезбедени согласно програмите за финансиска поддршка финансирани од буџетот на Република Северна Македонија,

- објавување на јавни повици за интерес за доставување на барања за финансиска подршка за материјални средства.".

Член 3

Во член 21 во ставот 3 по зборовите ,,склучувањето на договорот" се додаваат зборовите „и истиот го губи правото да поднесува барања за финансиска подршка во наредните два јавни повици од програмите за финансиска поддршка, финансирани од средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија".

Во ставот 6 точката 4) се менува и гласи:

„во случај на необележување на инвестицијата од страна на корисникот согласно со договорот за финансиска поддршка за користење на средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија, финансиската поддршка ќе се намали во износ од 5% од претходно исплатениот износ и".

Точката 5) се менува и гласи:

„во случај на отстранување на ознаката од точка 4) на овој став со која била обележана инвестицијата за цело времетраење на договорот, финансиската поддршка ќе се намали во износ од 5% од претходно исплатениот износ.".

Точката 6) се брише.

Член 4

По членот 22 се додава нов наслов и нов член 22-а, кои гласат:

„Исплата на финансиска поддршка по склучен договор за финансиска поддршка

Член 22-а

Корисникот е обврзан во целост да ја реализира инвестицијата која е предмет на договорот за финансиска поддршка, во случај кога истиот добил

поени за дел на инвестицијата со кое влијае на распоредот на ранг листата на баратели за финансиска поддршка.

Доколку корисникот од ставот 1 на овој член не ја реализира инвестицијата во целост, барањето за исплата се одбива и истиот го губи правото да поднесува барање за финансиска подршка во наредните два јавни повици од програмите за финансиска поддршка, финансирани од средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија.

По исклучок од ставот 2 на овој член, доколку корисникот поради виша сила е спречен да ја реализира инвестицијата, за што е должен да ја извести Агенцијата во рок од 15 дена од денот на настанување на вишата сила, истиот не го губи правото да поднесува барање за финансиска поддршка во наредните два јавни повици од програмите за финансиска поддршка, финансирани од средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија.

Во случај на делумна реализација на инвестицијата која е предмет на договорот за финансиска поддшка, а за која корисникот не добил поени за дел на инвестицијата со кое влијае на распоредот на ранг листата на баратели за финансиска поддршка, барањето за исплата делумно се одобрува за реализираниот дел на инвестицијата.”.

Член 5

Во членот 24-а став 1 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- наоди од ревизија согласно овој закон,“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Со решението од ставот 1 на овој член корисникот се задолжува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да изврши поврат на средствата.”.

Во ставот 3 зборовите „во рамките на иста буџетска година“ се бришат.

Ставот 4 се брише.

Член 6

Во член 24-б во ставот 1 по зборот „поддршка“ се додаваат зборовите „или извршиле повреда на договорните обврски“.

Член 7

Во член 30-а во ставот 1 зборовите „за рурален развој“ се бришат.

Член 8

Во член 30-б став 1 во алинејата 3 зборовите ,,од членот 19“ се заменуваат со зборовите „од членот 21“.

Член 9

Членот 30-в се брише.

Член 10

Низ целиот текст на законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 11

Започнатите постапки за доделување на финансиска поддршка со склучување на договор до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Севрена Македонија“ бр. 190/19).

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон содржи 12 члена чија основна цел е измена и дополна на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во насока на подобрување на функционалноста на законот и доуредување на одредени постапки уредени со законот, заради поефикасно нивно спроведување.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се врши унапредување на правната рамка со цел зголемување на ефикасноста, транспарентноста и контролата во користењето на финансиската поддршка, како и приспособување на новиот концепт на доделување на поддршката.

Со член 1 се прецизира поимот „финансиска поддршка“ со цел јасно да се утврди дека истата може да се состои не само од парични, туку и од материјални средства. Со ова се создава правна основа Агенцијата, покрај исплата на средства, да одобрува и доделува материјални средства на корисниците, согласно новиот концепт на поддршка. Во истиот член се додава и нова точка 9 со кој се дефинира што претставува ранг листата на баратели за финансиска поддршка и во кој случај истата се воспоставува.

Со член 2 се прошируваат надлежностите на Агенцијата со овластување за организирање и спроведување постапки за набавка на материјални средства, како и за нивно доделување. Оваа измена е директно поврзана со новиот концепт на поддршка, при што Агенцијата ќе има активна улога во обезбедувањето и распределбата на материјалните средства.

Со член 3 се врши доуредување и прецизирање на намалувањата и исклучувањата од финансиска поддршка во случај на повреда на договорните обрски и последиците во случај на неправилности при реализација на инвестициите. Се воведуваат јасни и пропорционални намалувања на финансиската поддршка, како и последици во случаи на делумна или нереализирана инвестиција, со што се зајакнува одговорноста на корисниците и се спречуваат злоупотреби.

Со член 4 се додава нов член 22-а кој предвидува услови за одбивање на барањето за исплата на финансиска поддршка во случаи кога истиот се откажува од реализација на договорот за финансиска поддршка со воведување на одредени санкции во насока на немање можност да добие финансиска поддшка во наредните повици, а се со цел да се зголеми сериозноста кај апликантите како и да се зголеми искористеноста на средствата.

Со член 5 се прошируваат и прецизираат основите за донесување решение за поврат на средства, вклучително и случаи на поврат на средства поради ревизорски наоди. Со ова се зајакнува правната сигурност и можноста за заштита на јавните средства. Исто така се бришат ограничувањата поврзани со буџетската година за пребивање на обрските.

Со член 6 кон листата на корисници кои извршиле злоупотреба на финансиска поддшка се додаваат и лицата кои ги повределе договорните обрски.

Со член 7 се се бришат зборовите „за рурален развој“ и во член 30-а став 1 од постојниот закон кој предвидуваше контрола на лице место од страна на

Агенцијата само на мерките од руралниот развој финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, како рецидив од старото законско решение, имајќи во предвид дека контролата на лице место Агенцијата ја врши на сите баратели на финансиска поддршка од сите програми за финансиска поддшка кој ги имплементира Агенцијата.

Со член 8 се заменуваат зборовите „од членот 19" со зборовите „од членот 21" во член 30-б став 1 во алинејата.

Со член 9 се врши се брише членот 30-в , со оглед дека надлежност за вршење на контрола на лице место не врши Државниот инспекторат за земјоделство.

Со член 10 се врши усогласување на законскиот текст согласно амадманот XXXIII од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.6/19)

Со член 11 и 12 како заврши одредби се определува начинот за примена на законот на веќе започнатите пшостапки пред Агенцијата и влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се меѓусебно поврзани и насочени кон зголемување на ефикасноста, зајакнување на контролата и унапредување на системските механизми за управување со финансиската поддршка.

Со предложените измени се зајакнуваат механизмите за одобрување, контрола, санкционирање и поврат на средства, со што се обезбедува поголема правна сигурност и заштита на јавните средства. Воедно, се доуредуваат постапките за спроведување на мерките, се прецизираат надлежностите на Агенцијата и се создава правна основа за поефикасна институционална соработка во вршењето на контрола на лице место.

Предложените решенија придонесуваат кон јакнење на системската рамка за управување, контрола и исплата на средствата од Европската Унија, во согласност со правилата и стандардите на инструментот за претпристапна помош во областа на земјоделството и руралниот развој, како и кон подобрување на функционалноста и ефективноста на Законот во целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот се врши унапредување и доуредување на постојните законски решенија, со цел нивно усогласување со современите правила и практики за управување, спроведување и контрола на финансиската поддршка, вклучително и средствата од Европската Унија во рамки на инструментот за претпристапна помош во областа на земјоделството и руралниот развој.

Очекуваните последици од примената на предложените решенија се зголемена ефикасност, транспарентност и правна сигурност во постапките за доделување и користење на финансиската поддршка, подобрена институционална координација, како и зајакнување на механизмите за контрола и заштита на јавните средства. Дополнително, со измените се создаваат услови за поефикасно спроведување на програмите за финансиска поддршка и за унапредување на функционалноста на законската рамка.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Дефиниции
Член 2-а

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. "Барател" е правно или физичко лице кое до Агенцијата поднесува барање и соодветна документација со цел за одобрување или исплата на финансиска поддршка од програмите кои ги спроведува Агенцијата;
2. "Барање" е образец на барање за финансиска поддршка или барање за исплата, со потребната документација неопходна за докажување на исполнетоста на критериуми за финансиска поддршка, односно на критериумите за исплата;
3. "Билатерални договори" се договори склучени меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници, а ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија;
4. "Контрола на лице место" е контрола која се врши на лице место од лица овластени од страна на Агенцијата;
5. "Контролор" е лице овластено од страна на Агенцијата, што врши контрола на лице место;
6. "Корисник" е правно или физичко лице на кое со решение му е одобрена исплата на финансиска поддршка;
7. "Национален координатор за авторизација" е орган на целосното децентрализирано управување на кој му е доверена целосната одговорност за финансиско управување на средствата од Буџетот на ЕУ и
8. "Финансиска поддршка" се парични средства кои Агенцијата ги одобрува, односно исплатува на корисникот.

Работи на Агенцијата
Член 7

За извршување на надлежностите од членот 6 на овој закон Агенцијата ги врши следниве работи:
- прием, евиденција и обработка на барања за финансиска поддршка,
- одобрување на исплата на средства,
- организирање на финансиските, сметководствените и функциите за известување кои се однесуваат на плаќањата согласно со овој закон,
- внатрешна ревизија,
- организирање, спроведување и координирање на административните и технички контроли и контролите на лице место,
- прибирање и обработка на податоци,
- водење бази на податоци и регистри,
- подготовка на извештаи и анализи,
-објавување на огласи за доставување на барања за финансиска поддршка,
- склучување на договори со барателите на финансиската поддршка,
- вршење на поврат на средства и
- други работи утврдени со закон.

Доделување на финансиска поддршка со склучување на договор
Член 21

Доколку со програмите за финансиска поддршка финансирани од Буџетот на Република Македонија, Буџетот на Европската унија и/или билатералните договори е утврдено, Агенцијата склучува договори за финансиска поддршка со барателите на кои со решение им е одобрена финансиска поддршка.

Договорите од ставот 1 на овој член се склучуваат во рок определен од страна на Агенцијата кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на решението за одобрување на финансиската поддршка.

Доколку барателот не го потпише договорот во рокот од ставот 2 на овој член ќе се смета дека се откажал од склучувањето на договорот.

Во однос на правата и обврските кои произлегуваат од договорот од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, доколку со овој или друг закон поинаку не е определено.

Исплатата на финансиската поддршка се врши по донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, во рок од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето за исплата.

Поради повреда на договорните обврски на договорите од ставот 1 на овој член, финансирани од Буџетот на Европската Унија, Агенцијата може да примени намалување на одобрената и/или исплатената финансиска поддршка и тоа:

1) во случај на поднесување на барањето за исплата на финансиска поддршка до 30 дена по истекот на рокот за поднесување определен во договорите од ставот 1 на овој член, финасиската поддршка која треба да се исплати на барателот се намалува во износ од 5%;

2) во случај на реализација на инвестицијата до 60 дена по истекот на рокот предвиден во договорите од ставот 1 на овој член, финансиската поддршка која треба да се исплати се намалува во износ од 10%;

3) во случај на неизвестување на Агенцијата за изменетите околности кои немаат суштинско влијание на реализација на инвестицијата констатирани при контрола на терен, финансиската поддршка ќе се намали во износ од 10% од претходно исплатениот износ;

4) во случај на констатирана повреда за неподмирени обрски по однос на даноци, здравстено, пензиско и инвалидско осигурување како и обврските кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за времетраењето на договорот од ставот 1 на овој член, финансиската поддршка ќе се намали во износ од 5% од претходно исплатениот износ;

5) во случај на необележување на инвестицијата согласно со правилата за користење на средства од инструментот за претпристапна помош на Европската Унија, финансиската поддршка ќе се намали во износ од 2% од претходно исплатениот износ;

во случај на отстранување на ознаката од точката 5) на овој став со која била обележана инвестицијата за цело времетраење на договорот финансиската поддршка ќе се намали во износ од 5% од претходно исплатениот износ.

Намалувањето на финансиската поддршка ќе се примени доколку примачот не ги отстрани констатираните повреди на договорните обврски од ставот 7 на овој член, во рок од 20 дена од денот кога е известен од страна на Агенцијата за констатираната повреда.

Во случај на повторена повреда на договорните обврски од ставот 7 на овој член ќе се примени намалување на финансиската поддршка во зголемен износ за два пати.

Во случај кога намалувањето на финансиската поддршка ќе го надмине износот од 20% од одобрената и/или исплатената финансиска поддршка, Агенцијата врши поврат на финансиската поддршка.

Поврат на средства

Член 24-а

Агенцијата донесува решение за поврат на средства доколку корисникот стекнал финансиска поддршка како резултат на:

- неправилно утврдена фактичка состојба од пријавената во барањето, - погрешна примена на материјалниот пропис,
- административна грешка, или
- неисполнување на обврските од договорите од членот 21 на овој закон.

Со решението од ставот 1 на овој член корисникот се задолжува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да изврши поврат на средствата.

Доколку се утврди дека корисникот стекнал финансиска поддршка како резултат на дејствија од ставот 1 на овој член Агенцијата може да изврши пребивање на средства доколку корисникот ги исполнува условите за користење на финансиска поддршка по друг основ во рамките на иста буџетска година.

Одредбите од ставот 3 на овој член не се однесуваат на мерките финансирани со средства од Буџетот на Европската унија.

Член 24-б

Агенцијата води Листа на корисници кои извршиле злоупотреба на финансиската поддршка.

Корисниците кои се евидентирани на листата од ставот 1 на овој член не можат да поднесат барање за финансиска поддршка во рок од две години од денот на евидентирањето на листата.
Листата од ставот 1 на овој член се објавува на интернет страницата на Агенцијата.

Надлежности на контролата

Член 30-а

Агенцијата врши контрола на лице место кај оние физички или правни лица кои се баратели или корисници од програмите на финансиска поддршка за рурален развој, финансирани од Буџетот на Република Македонија и Буџетот на Европската Унија.

Баратели или корисници на финансиска поддршка се должни да обезбедат целосен и непречен пристап на контролорите до сите објекти, простории, опрема, имот и документација која е во врска со предметот на барањето и договорот од член 21 на овој закон.

Податоците од извршената контрола на лице место се користат само за утврдување на исполнетоста на критериумите за одобрување, односно исплата на финансиска поддршка согласно закон и договорот од член 21 на овој закон.
Контролорот е должен да ја чува деловната тајна и сите податоци што ги дознал при вршењето на контролата.

Доколку при вршење на своите законски определени надлежности, контролорот констатира дека е сторена повреда на закон или друг пропис, односно е сторен прекршок или кривично дело, должен е без одлагање да поднесе пријава до соодветен надлежниот орган.

Член 30-б

Рок за спроведување на контролите на лице место Контролата на лице место во зависност од потребите може да се спроведе:
- пред одобрување на барањето за користење на финансиска поддршка,
- пред исплата на финансиската поддршка или
- за цело времетраење на договорот од членот 19 на овој закон.

Кај мерките финансирани од Буџетот на Европската Унија контролата на лице место се спроведува во сите случаи наведени во ставот 1 на овој член за сите поднесени барања.

Член 30-в

Државниот инспекторат за земјоделство врши контрола на лице место за мерките финансирани од Буџетот на Република Македонија, освен за мерките за рурален развој.